СМРТ НА ФАШИЗАМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

Службен Весник

НА ФЕДЕРАЛНАТА ЕДИНИЦА МАКЕДОНИА ВО ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИА

7. IV. 1945. гр. Скопје ЦЕНА 15 ЛЕВА Год. I. Број 3

Работното тело на Президиумот на АСНОМ на своето заседание од 16. III. 1945 год. ја донесе следната

ПОВЕЛБА

За создавање на федерална инспекција на трудот.

Чл. 1

(1) Се создава федерална инспекција на трудот при Поверенството за социална политика.
(2) Надлежноста на инспекцијата е територијата на федералната единица Македонија.
(3) Инспекцијата е изполнителен орган на Поверенството за социална политика.

Чл. 2

(1) Задачата на инспекцијата е:
1) Да врши непосредствен надзор над правилното изполнување на сите закони по заштитата на трудот;
2) да прави предложенија за законо уредување на заштита на трудот.

Чл. 3

Под непосредствениот надзор на инспекцијата са: сите државни или частни предпријатија, заведенија и работилници (индустријални, занајатчиски, трговски, транспортни, строителни, мини и др.)

Чл. 4

(1) На чело на инспекцијата е федералниот инспектор на трудот, непосредствено подведомствен на Поверенството за социална политика.
(2) При нужда при Инспекцијата се назначуват и други инспектори подведомствени на федералниот инспектор.
(3) Инспекцијата има канцеларии и помоштен персонал.
(4) При нужда, а по преценка на Поверенството за социална политика, можат да се создадат и по другите по големи градови на Македонија Експозитури за заштита на трудот, кои са подведомствени установи на федералната инспекција на трудот.

Чл. 5

Поверенството за социална политика пропису-ва Правилник за устројството работата и надлежноста на федералната инспекција на трудот.

Чл. 6

Во устројството на инспекцијата и нејзината работа, се применуват саответните разпоредби на законите за инспекцијата на трудот от 31 декември 1921 год. со посетнешните измененија и дополненија, доколко не са противни на Народно-ослободителната борба, на одлуките на АВНОЈ на решенијата на АСНОМ и на распоредбите на Повелбава.

Чл. 7

Сите задолженија срешту инспекцијата наста-пили до крајот на 1944 год. се изполнуват согласно саответните разпоредби на болгарските закони.

Чл. 8

Повелбава влегува во закона сила со денот на објавувањето.

С. Ф. — С. Н.

Секретар на Президиумот
на АСНОМ
(Д-р Б. Спиров)

Подпредседател на Президиумот
на АСНОМ
(Л. Колишевски)

ПОВЕЛБА

За создавање на Работничка Камара во федерална Македонија

Чл. 1

(1) Се создава Работничка камара за федерална Македонија.
(2) Надлежноста на Камарата е територијата на федерална единица Македонија а седиштето на истата е во гр. Скопје.

Чл. 2

Камарата е јавно-правна и класова установа, која има за цел: да представлава, застапва и брани социалните, економските и културните интереси на работниците и намештениците.

Чл. 3

Камарата може, ако има нужда, да учредава во поголемите градови на Македонија застапства, кои извршуват чисто административна и регистраторска дејност како помошни органи на Камарата.

Чл. 4

(1) До редовниот избор на камарските советници се учредава Акционен одбор.
Задачата на одборот е:
1) Да устрои работата на Камарата;
2) Да приготви проектот на камарскиот статут и на нужните правилници;
3) да изврши сите работи около ликвидирането на материјалните и други отношенија со досегашните камари.
(2) Акциониот одбор се назначува от Поверенството за социална политика при Президиумот на АСНОМ, во согласие со саответните синдикати.

Чл. 5

Устројството на Камарата, незините органи, бројот на советниците и начинот на нивниот избор, нивните права и должности се предвидуват во Камарскиот статут.

Чл. 6

Главниот секретар на камарата се избира от камарските советници а се потврдува от Повереникот за социална политика. Останалите чиновници и намештеници се назначават от управата на камарата.

Чл. 7

Начинот на финансирањето на Камарата се предвидува во камарскиот статут.

Чл. 8

Врховниот надзор над Камарата го врши Поверенството за социална политика при Президиумот на АСНОМ, кое може да одреди и постојанен делегат при управата на Камарата.

Чл. 9

Во устројството на Камарата и нејзината работа се применуват саответните распоредби на Законот за заштитата на работниците от 14 јуни 1922 год. доколко не са противни на Народно-ослободителната борба, на одлуките на АВНОЈ, на решенијата на АСНОМ, или распоредбите на Повелбава.

Чл. 10

Повелбава влегува во закона сила со денот на објавувањето.

16 III 1945 год.
Скопје

С. Ф. — С. Н.

Секретар на Президиумот
на АСНОМ
(Д-р Б. Спиров)

Подпредседател на Президиумот
на АСНОМ
(Л. Колишевски)

ПОВЕЛБА

За задолжително социјално осигурање на работниците во федерална Македонија.

Чл. 1

На територијата на федералната единица Македонија се воведува задолжително работничко социално осигурување.

Чл. 2

Осигурувањето обхваща сите работници и намештеници.

Чл. 3

За извршување на социалното работничко осигурување се учредјава специална установа: Уред за работничко социално осигурување.

Чл. 4

Седиштето на уредот е во гр. Скопје.

Чл. 5

Уредот, за вршење на задачите си, може да отврива во внатрешноста на страната подружници, експозитури и сл.

Чл. 6

Сите задолженија (вноски) на работниците и на работодателите, исто така и сите приемања (помошти, ренти, издржки и сл.) кои произлизат од работничкото социално осигурување ке се вршат до 1 јануари 1945 година согласно болгарското работничко законодателство, а след таја дата согласно југословенското работничко законодателство кое е било во дејствие на 6 април 1941 година и решенијата на АСНОМ, односно неговиот Президиум.

Чл. 7

Поверенството за социална политика доноси решенија за уредување на сите технички вопроси, за класифицирањето на надничните разредни таблици, за паричниот еквивалент на приемањата во натура, за определувањето на размерот на помоштите, рентите, издржките и сл.

Чл. 8

Во устројството на задолжителното работничко социално осигурување се прилага југословенскиот Закон о осигурању радника од 14 мај 1922 година со сите уредби наредби за неговото спроведување доколко не е противно на народно-ослободителната борба, одлуките на АВНОЈ, одлуките на НКОЈ, одлуките на југословенското правителство и решенијата на АСНОМ.

Чл. 9

Врховниот и непосредниот надзор над работата на Уредот го врши Поверенството за социална политика, кое дава и задолжителните напатствија и толкувања на Повелбава.

Чл. 10

Повелбава влегува во закона сила со денот на објавувањето.

16 III 1945 год
Скопје

С. Ф. — С. Н.

Секретар на Президиумот
на АСНОМ
(д-р Б. Спиров)

Подпредседател на Президиумот
на АСНОМ
(Л. Колишевски)

Во врска со Решениет она Президиумот на АСНОМ од 22. I. 45 год. Работното тело на Президиумот на АСНОМ на своето заседание од 16. III. 1945 год. по предлогот на Повереникот за социална политика донесе

ПРАВИЛНИК

Чл. 1

Паричните помошти на останалите без средства за живот фамилии на борците од НОВ и ПО на Југославија, на тија на падналите борци од НОВ и ПО на Југославија, на инвалидите од Н. О. Војна и нивните фамилии, како и на фамилиите на жертвите од фашистичкиот терор (убиени од окупаторот и неговите помагачи, интернирани, конфинирани, одведени на принудителна работа и др.), ке се исплаќаат од финансовите одели при околиските н. о. одбори — за Скопје од финансовиот одел при градскиот н. о. одбор — кои расходи ке се извршат след разрешение на кредит за целта предвидена предварително во буџетот.

Чл. 2

Исплатата на принадлежностите на фамилиите на чиновниците, сталните работници и надничари при државните и јавно-правните и слични установи, кои се на војна должност во НОВ и ПО на Југославија, ке се врши од онија институции во кои лицата биле на служба по врме на уволението, или ако таквија сега не постојат, исплатата ке се врши од институциите кои одговараат на ниф.

За онија службеници кои до ослободуењето служиле во местата, кои сега подпадаат под федералната единица Србија, исплатата на принадлежностите им ке се врши од државната каса на Федерална Македонија.

За лицата кои до ослободуењето служиле како кметови и др. во бившите општини, исплатата на принадлежностите ке се врши од Н. О. Одбори и ке падне на терет на односниот по службата на лицето одел, при одборот.

Чл. 3

Како семејство на држ. или јавно-прав. и сл. службеник се сметаат онија лица, кои како такви се

предвидени по досегашните прописи за држ. службеници т. е. жената и децата.

Условијата предвидени во чл. 2 од Решението за даване помошти на останалите без средства за живот фамилии т. е.: да немат от лична работа, имот или др. стален приход во износ на максималната помош предвидена во решението, или имаат по-мал приход, во кој случај им следуіе разлика измегіу приходот и определената од комисіјата помош, не се однесуіат на семеіствата на држ. и тија од іавноправните и слични установи службеници.

Чл. 4

На неженетите службеници, кои се на должност во војската ке се плакіат принадлежностите исто како да се на редовна цивилна должност.

Право на горните принадлежности имааат како мобилизираните, така и тие кои се на отслужуеніе редовниот си рок во војската — млади воіници — бидеіки по досегашните прописи при воіно положение — како е денеска — службениот однос на овија лица не е прекинат.

Нивните принадлежности ке се плакіаат редовно од надлештвата при кои биле на служба пред отидуваніето во воіската.

Чл. 5

Принадлежностите на фамилните на споменатите службеници кои се во војската, ке се ликвидираат од истите надлештва и истите каси, при кои биле ликвидирани и пред іавуваніето во војската.

Исплатата на принадлежностите на овија лица ке се врши по истиот ред како и на службениците на редовна должност, но со оделни списоци, при кои гребе да се приложи и потврда за това, оти лицето е дејствително во војската. Потврдата требе да оиде издадена од воіната единица при коіа лицето е на должност.

При секое ново приманіе, получателот на принадлежностите, жената, а при неженениге ополномоштеното лице, ке дава декларациіа, со која да изіави оти службеникот продолжуе да биде на војна должност, во коіа декларациіата требе да се назначи и војната единица при коіа лицето служи (адрес).

Чл. 6

Принадлежностите по чл. 3 на овоі правилник ке се исплакіат на семеіствата т. е. жената, или децата ако службеникот е довец, а принадлежностите по чл. 4 ке се плакіаат лично на службеникот или на лице уполномоштено од него.

Полномошното требе да е заверено од воіните или грагіански власти. Ако истото е генерално кон платниот список се приложуе прост препис, а ако полномошното е специално (за даден месец) прилага се оригиналот.

Чл. 7

Исплатата на горните принадлежности припагіа од месец декември 1944 год., а на тие кои си примиле принадлежностите за месец декември 1944 г. и іануари 1945 г., од 1 февруари 1945 г. па натака. Ова важи аналогно и за исплатата на онија службеници коі во војска стапиле во течение на месец февруари или по-доцна, ке примаат од 1 на наредниот месец.

При исплатата на принадлежностите потребно е од службеникот да има подписана изіава под лична морална, материална и кривична одговорност, да за тоі месец не е примал принадлежности па макар во кој вид (редовна мес. плата, помош или др.), било од касата на воіната или цивилната власт и оти за напред ке прима принадлежностите си само од институциіата при коіа е работил.

Тоі документ е потребно да се приложи кон платниот список по коі е извршена за прв пат исплата на службенкот во војската од касата на односната институциіа.

Чл. 8

Овоі Правилник влегува во сила со денот на обіавуеніето.

С. Ф. — С. Н.

Секретар на Президиумот
на АСНОМ
(Д-р Б. Спиров)

Подпредседателот на Президиумот
на АСНОМ
(Л. Колишевски)

ПОВЕЛБА

за изменение и дополнение на Повелбата за уредуваніе на наемните одношениа и за принудително зиманіе и располаганіе со станови во Македониіа

Чл. 1

Во чл. 1 на Повелбата се додава на крајот следната

Белешка: Помештенијата кои са служили под окупациіата за сместуване на воени или цивилни учреждениіа, предприіатиіа, заведениіа и сл. како и помештениіа на кои било од коіа и да е причина наемната цена не е била нормирана согласно тогавашните закони, а во последствие са превртнати во станови, наемот се определува од квартирната комисіја према истиот коіи се плашта за такови или слични помештениіа согласно чл. 1 од Повелбава.

Чл. 2

Во чл. 2 под а) се додава на крајот следната

Белешка: Локал лично потребен за работа се счита: ако наемодателот до одаване на локалот под наем сам е упражнјавал во него истата работа (истата трговиіа, индустриіа или занаіат) какова упражнјава наемателот и ако наемодателот иска и има право да продолжи истата таіа работа.

Не се счита локал лично потребен за работа, ако во него иска да работи некоі од изходіаштите или возходіаштите на наемодателот или неговата супруга.

Чл. 3

Во началото на чл. 18 се додава:

Распоредбите на Повелбата са од обштествен интерес и се прилагат од денот на ослободувањето на Македониіа, като престават да важат сите противни соглашениіа.

16 III 1945 год.
Скопіе

Секретар на Президиумот
на АСНОМ
(Д-р Б. Спиров)

Председател на Президиумот
на АСНОМ
(М. А. Ченто)

Президиумот на АСНОМ, на заседанието си од 19. III. 1945 година донесе оваіа

ПОВЕЛБА

за засилуенјето на државните приходи

Чл. 1

Се обложуват со такса на фактурната (продажна) стоіност следните стоки; произведуени во федералната единица Македониіа или внесуени од други држави (Стоките внесуени од другите федерални единици на федеративната Југославија не се обложуват со оваіа такса, бидеіки дека на истите стоки

е платен скупен или общ данак на пословен промет и данак на луксуз.

точ. 1. Платови памучни ткаени:

а) оксфорди, мебелени платна и американи со 4%.

б) секакви други платови со 5%.

точ. 2. Платови ленени ткаени:

а) канаваца со 4%.

б) секакви други платови со 5%.

точ. 3. Платови ткаени от волна, козина и други животински коси со 3%.

ЗАБЕЛЕЖКА: Рачно-ткаените обикновени волнени килими и черги се ослободуват от такса на фактурната им стојност со исклучение на тип персиските килими, кои се обложуват со 28%.

точ. 4. Платови свилени ткаени со 10%.

ЗАБЕЛЕЖКА: Со соответна такса, предвидена во буква „б" на точките 1 и 2, како и во точките 3 и 4, се обложуват и пердињата, покривките, постилките, шаловите, крпите за лице, за џеб, ткаени готови или на плат, со исклучение на рачно-ткаените.

точ. 5. Платови плетени от памук или свила или други предивни материали, (со исклучение на тија от природна волна) тил и дантели со 4%.

точ. 5а Платови намачкани со шмиргел, платна за планови и живопис, линолеум, мушами секакви и изработки от нив, чадари от секакви текстилни материали, шапки от плет, дантели, мушама и др. (со исклучение на тија от плат, како и каскетите), предмети ловџиски, патнички и лагерни от ооикновени платови, шиени или не, соединени или не со ооикновени или фини материали, маркуши, трансмисиони каиши и колани, от секакви текстилни материали ткаени со 5%.

точ. 6. Прегли волнени со исклучение на тија за ткаечната индустрија со 3%.

точ. 6а Прегли от волна, козина и други животински коси, содржашти повеќе от 10% примес от вештачки предивни материали, кои се употрбуват во плетачката индустрија со 3%.

ЗАБЕЛЕЖКА: За плотивите и изработките, плетени от таква прегла, не се применуват одредбите на чл. 4 от оваја повелба.

точ. 6б За конфекционите изработки, изработени от платовете изброени во точ. 1 до 5 заклучно, во фабрики и работилници, кои имат конфекциони отдели, таксата се плаќа на готовата конфекција, со 50% намаление на сответниот процент за облагање по редот предвиден во чл. 7 от оваја Повелба.

За конфекциите — внесени во федералната единица Македонија от странство таксата се плаќа со 50% намаление от предвиденото за сответниот текстил.

точ. 7. Чорапи:

а) от свила со 10%.

б) от мерселизиран памук со 4%.

в) от обикновен памук со 3%.

точ. 8 Шперплати, секакви, местни или тугострани (добиени со слепуење на неколку даски) со 10%.

ЗАБЕЛЕЖКА: Ослободува се от такса на фактурна стојност шперплата, која се употребуе за амболаж (правење на сандачиња и т. н.) на стоки и предмети изнесуен во странство.

точ. 9. Изработка алуминеви, бакарни, пакфонени и емајлирани от железни листи или от чугун, внесуени от странство, со 10%.

точ. 10. Фотографски и хелиографски хартии, произведуени во федералната единица, со 10%.

точ. 11. Бергманови трби, цеви, местни и тугострани, со 10%.

точ. 12. Бижутерија, произведена во местни индустриални предпријатија, со исклучение на тија от благородни — цени метали, со 10%.

точ. 13. Прегли памучни, со исклучение на онија за плетачката и ткаечната индустрија, како и онија за тиринња и конци, со 2%.

точ. 14. Сите видови бои за текстилно бојаджиство, местни и тугострани, со 10%.

точ. 15. Порцеланови изработки, внесуени от странство, со 10%.

точ. 16. Препарати за мачкање и ласкање на чевли, кожи и кожнеи изработки, смазки за душеме, специалитети за чистење на метали и флеки, и препарати — насекомоизтребители, како; флатокс, флит и др. со 10%.

точ. 17. Керамидни изработки, со исклучение на обикновените местни грнчарски изработки, направени от занајатчии-грнчари на обикновени грнчарски тркала со 5%.

точ. 18. Пасмантеријни изработки, секаков вид, со 10%.

точ. 19. Водопроводни трубе (кјумци, цеви), секаков вид, со 5%.

точ. 20. Оковки, држки, орави и други метални делови за врати, пенџерина и мебели, со 5%.

точ. 21. Метални кјумоиња, шпорети, железни кревети, болтови, бурми и нитови, со 10%.

точ. 22. Стаклени огледала и плочи, полирани, матирани, шлифовани, гравирани, емајлирани или на друг начин украсени, со 20%.

точ. 23. Разни видови мебели како спални, столови, гарнитура за спални, столови, кабинети, и др., со 10%.

точ. 24. Радиоапарати и нивните части, со 10%.

точ. 25. Електромотори, трансформатори, кондезатори, реостати и други електрични машини и частите им, како и сите видови апарати и уреди, како утии, чајници, радиоатори и т. н. и частите им, со 10%.

точ. 26. Кожи кожуварски (кјурчиски) прости и фини (со исклучение на небојадисаните бојадисани овчки и јагнешки кожи и сите видови изработки от нив), како и изработките от растително или минерално продлбени кожи (кожни ракавици, чанти, плифтачи, колани и др. изработки от гјон, бланк, мешин и др., со исклучение на чевли и опинци), во соединение или не со фини материали, со 10%.

Изработки на стојност от 20.000 до 40.000 — лв. се обложуват со 30%; тија от 40.000 до 60.000 лв. со 40% и над 60.000 лв. со 100%.

Отделните кожи и парчинја от кожа, кога се продават на територијата на федералната единица Македонија, над 3000 едната ваке се продават направо на потрошачот се обложуват дополнително при продавањето им, со 100%.

Таксата по алинеја II и III на оваја точка е независима (отделна) от таја (10%) по алинеја I.

точ. 27. Автомобили, мотоцикли, моторетки, бицикли и частите им:

а) товарни, болнични и омнибуси, со 5%

б) лесни-патнички автомобили, мотоцикли моторетки и бицикли 10%

точ. 28. Машини секакви и частите им:

1) Сите видови смукала и прскала, како прскачки за прскање на полоделските култури, помпите за изцрпуење на вода, за префрлуење на течни тела од едно место на друго и др. со исклучение на рачните помпи за точење на бира, за велосипеди и огино-гасителните апарати

2) Сите видови поледелски машини како: плугови, обикновени и трактори, ралници, копачки, валјаци, редосејалки, култиватори, брани, сенокосачки,

сенобирачки, жетварски, вршачки, триори, јармомелки, маснобојни, центрифуги за мед, преси за грозје и овоштија, лемежи за плугови и др.

3) Сите видови машини за: пишуење, сметање, шиење, плетење, каси со уреди за сметање (контролни каси), и др.

4) Сите видови машини а апарати, како: турбини, мелнички валци, локомобили, мотори, оски, парни машини, трактори, влекачи, асансјори, витчови, кракови, бркачки за бетон, валјци, помпи, филтр-преси, индустриски центрофуги, ткаечни станови, машини за влачење (дараци) машини за пресучуење, вобште за текстилна индустрија, фурнирна, дрводелска, метална, каучукова, кожарска, шекјерна, маслодобивна, хартиина, печатарска, рударска, сапунена, спиртна, химиска, кожарска и др. индустрии и нивните части со 5%

точ. 29. Фурнири секаков вид, со 10%

точ. 30. Изработки от мек каучук, секакви, со 10%

точ. 31. Сервизи секакви, части от такви, како и вази, фруктиери, статуи, статуетки и други украси, електрични полјулеи и т. н.

а) от платина или злато, со 100%

б) от сребро, со 60%

в) от други неблагородни испачи и др. материали, со 10%

г) от стакло-шлифовани, полирани, гравирани, бронзирани, позлатени, посребрени, со 25%

д) от порцелан или фајанс, украсени или не (со исклучение на кујненските прибори) со 15%

точ. 32. Превозни средства, како: локомотиви, тендери, фургони, ж. п. вагони, вагонетки, терезини и други слични, како и нивните части, со 5%

точ. 33. Бижутерија:

а) от платина или злато, со 100%

б) от сребро, со 60%

в) от неблагородни метали и други материали — без скапоцени камења со 20%

г) мунивца (монистра) или висулки стаклени за гердани, со 15%

ЗАБЕЛЕЖКА: Не подлежат на такса по оваја точка венчалните прстенја (алки), кога се продават на лица кои влегуват во брак.

точ. 34. Камења бижутерини:

а) скапоцени: диамант, брилјант, розета, рубин, сапфир и смарагди, со 100%

б) благородни, полублагородни, синтетични и стаклени — нескапоцени, со 20%

точ. 35. Часовници готови за џеп и за рака:

а) со платинени или златни капаци, 30%

со минимум 2000 лева за 1 парче

б) со сребрни капаци 20%

со минимум 1000 лева за 1 парче.

в) со капаци от други неблагородни метали 15%

со минимум 150 лева за 1 парче 25%

г) часовници за згради и зидови, со 25%

Часовниците за маса (будилници и др.) не подлежат на облагање со оваја такса.

точ. 36. секакви фотографски и киномотографски апарати и частите им, со 50%

точ. 37. Парфумериски и тоалетни-козметички изработки, како:

а) парфуми, тоалетни пудра, кремови, помади, црвила, белила, состави за бојадисување на коса, колонски води и др., со 30%

б) прах, пасти и вода за зуби, со 10%

в) медецински и тоалетни сапуни, со 5%

ЗАБЕЛЕЖКА: Не се сметат за тоалетни сапуни и обикновените сапуни за миење со тежина на парче по 125 грама.

Чл. 2. Подлежат на облагање со такса по оваја повелба изброените во чл. 1 стоки и материали, кои се навогјат на склад во трговските магазини, предназначени за продавање, до колку не се докаже оти на нив е веке платена таква такса по Бугарскиот закон за засилуење на државните приходи.

Се прави изклучение само со заварените стоки по чл. 1 точ. 37, на кои е платен акциз по наредбата на Поверенството на финансите Бр. 206 от 10. I. 1945 год., која престанує да важи со влезуање во сила на оваја повелба, до колку се однесува на стоки по точ. 37 (парфумериски и тоалетни-козметички изработки — стоки).

Сите заварени стоки по аваја повелба, со исклучение на тија по точ. 37, требе да бидат декларирани пред надлежниот градски или околијски Н. О. Одбор — финансов отдел и таксата внесена по редот и во сроковите определени от Поверенството на финансите.

Чл. 3. Како фактурна (продажна) стојност се смета онаја стојност, по која предметите или стоките преминуват во собственост и располагање на купувачот. Во стојноста, освен цената на стоката, влезуват и сите трошкови, кои се прават, додека стоката не се добие от купувачот.

Чл. 4. Примесот во изработките, ткаените и плетените платови од други предивни материали до 10% по тежина не се зима во обзир при облагањето со такса. Но, ако содржат повеќе од 10% други предивни материали, се обложуват како да се изработени наполно от оној материал, чији изработки или платови са обложени со по висок процент

Плетените платови, кои содржат волна от 30% до 50% плаќат таксата со 50% намалуење.

Не се обложува со такса домашното производство за свои нужди.

Чл. 5. Ослободуват се от такса стоките набавени за нуждите на федералната единица Македонија и Н. О. Одбори.

Исто така не подлежат на такса по оваја повелба внесените стоки и материали от другите федерални единици на федеративна Југославија бидејки дека на тија стоки е платен скупни или общи данок на пословен промет, како и данак на луксоз, вместо кои данаци времено — само за 1945 год. се плаќа такса по оваја повелба на територијата на федералната единица Македонија.

Чл. 6. Таксата на внесуените стоки от други држави се собира при внесуењето им от царинарниците.

Стојноста на тија стоки се определуе, земајки за основа фактурната стојност кон која се прибавуват уште транспортните трошкови и царината.

Чл. 7. За произведените стоки и предмети от фабрики и работилници на територијата на федералната единица Македонија, таксата се задолжава во моментот на изнесуањето на стоката от фабричниот магацин или работилница и производителот е должен да издава фактури или сметки и да забележува отделно во фактурата или сметката, освен продажната цена на стоката, и износот на таксата за изнесената стока. Копие (по 1 екземплар) от сите фактури или сметки ке се задржа во магацинот на производителот.

Производителите на стоки подлежашти на такса по чл. 1 на оваја повелба, кои ке плаќат данак занајатие по книгата на оборотот-прометот за 1945 г., се должи во таја книга да отворат една графа-рубрика и за определената такса по оваја повелба, а сите други, ке основат специјална книга за заведуање на таксата, во која ќе бележат по хронолошки ред сите издадени фактури или сметки со името и презимето на купецот, видот и количеството на изнесена-

та (продадената) стока,, цената, обштата стојност и износот на таксата.

Дневникот кје биде заверен от финансовиот отдел при сответниот Н. О. Одбор.

Во заведенијата, во кои се произведуват помади, кремови и други тоалетни-козметички изработки, кои се продават на ситно во самите заведенија, собствениците на истите, заведуват специална книга, заверена от финансовиот отдел при Н. О. Одбор, во која записуват производството и продажбите на ситно. Вместо да издават бележки-сметки за секоја отделна продажба, секоја вечер кје издават по една обшта бележка за извршените през денот ситни продажби, по која кје се изчислуе и внесуе таксата по редот предвидена во овој член.

На крајот на секој месец дневникот кје се заклјучуе собира и таксата внесуе во касата на надлежниот финансов отдел најдоцна до 20-от ден после изминуенјето на секој месец.

Не платената такса до таја дата кје се собира со 5% увеличение месечно.

Чл. 8. Се ослободуват от такса по оваја повелба стоките, кои се изнесуват во други држави. За стоки кои се изнесуват во други федерални единици на федеративната Југославија се плакја такса предвидена по оваја повелба.

ПРЕКРШАЈ (НАРУШЕНИЕ) И НАКАЗАНИЕ

Чл. 9. Производител кој не води предвидените книги или не издава фактури (сметки) или бележки от кочан за продадените стоки, се накажуе со глоба от 1000 до 10.000 лева, за се кој отделен случај.

Чл. 10. За најдените разлики во количеството, качеството и стојноста на внесуените стоки, облагаеми со такса и објавени со вноски, времено вносни и антрепозитни декларации при прегледуенјето им во царинарниците или после дигнуенјето им от царинарниците, на декларанторите-вносителите се наложува глоба от 100 до 10.000 лв. и еден износ (размер) от следуемата се за плакјанје такса за тија разлики.

За најдените во повекје количества и стојности от објавените таквија, кога тија разлики са до 5% заклјучно, глоба не се наложува но се собира само редовната такса.

За стоките, обложувани со такса, заловени на границата или во внатрешноста при случај на тајно внесуенје во федералната единица Македонија, како и при сите други случаји, при кои има укривуенје или неплакјанје на таја такса, на виновните (кривците) се наложува глоба от 1000—10.000 лева и двојната такса на тија от стоки, покрај редовната.

Чл. 11. Лице кое, по каков и да е начин, укрие част (дел) от оборотот (прометот) за да избегне плакјанјето на таксата, кје плати тија такси во петорен износ (размер) и кје се накаже со глоба 1000 до 10.000 лева.

Чл. 12. Лице кое не изполни некоја от одредбите на оваја повелба, за кој прекршај нема предвидено специално наказание, или за неизполнуејнје на наредбите по применуванјето на оваја повелба, се накажуе со глоба от 100 до 1000 лева.

Чл. 13. Прекршаите (нарушенијата) на оваја повелба се констатират со кат подпишан от надлежен орган, два или најмалку еден свидетел и нарушителот. Ако нарушителот или некој от свидетелите се неписмени, се прави за това бележка во актот. Исто така се прави бележка и кога нарушителот откаже да подпише составениот против него акт.

Составените актови се изпракјат веднага на надлежниот околијски или градски Н. О. Одбор — финансов отдел, кои проведува нужното извидуенје во най-кус срок и ги препракја до надлежниот окружни Н. О. одбори, кои изрекува пресуда (решение) за глобата во прва инстанција.

Против пресудите-решенијата на окружниот Н. О. Одбор — финасов. отдел може да се изјави жалба до Поверенството на финасите во 14 дневен срок от примањето на пресудата. Жалбата се предава преку надлежниот околијски или градски Н. О. Одбор.

За прекршаите (нарушенијата) по оваја повелба, констатирани во царинарниците, глобите- наказанијата се наложуват по царинските преписи.

Чл. 14. Неправилно собрани суми за такса по оваја повелба се вракјат по решение на федералното Поверенство на финансите, ако бидат посакани со писмена молба, подадена до надлежниот Н. О. Одбор — финансов отдел, каде е платена сумата, во срок от шест месеца от датата на плакјането и.

Чл. 15. Оваја повелба влезуе во сила и кје се применува от денот на објавуенјето и.

С. Ф. — С. Н.

Секретар на Президиумот
на АСНОМ
(Д-р Б. Спиров)

Председател на Президиумот
на АСНОМ
(М. А. Ченто)